36219

14 961

НОВА МАКЕДОНИЈА • Петок 16 септември 1988 год. • стр. 9

ОД ДЕНЕС ВО МУЗЕЈОТ ЗА СОВРЕМЕНА УМЕТНОСТ

# Секој петок по еден филм

Почнувајќи од денес во Музејот на современата уметност ќе започне нов циклус на филмови, што посетителите ќе можат да ги следат секој петок во 12 часот.

Во текот на трите проекции во септември ќе бидат прикажана три играни филма на познати мајстори од светско реноме. Денес ќе биде прикажан филмот на Акиро Куросава „Крвавиот престол“, наредниот петок на 23 септември „Девојка“ на Луис Буњоел, а во последниот петок од овој месец, на 30 септември „Мариенбад“ на А. Рене. Влезот за сите претстави е бесплатен.

С. П.